**Прилог 1**

# УПАТСТВО

## За продажба на електрична енергија и моќност со спроведување Аукција

1. **Дефиниција:**

1.1. **Купувач -** Економски Оператор кој има потпишано Договор за испорака и превземање на електрична енергија и моќност со АД ЕЛЕМ – Скопје со право на учество на Аукциите за продажба на електрична енергија и моќност согласно Правилата за продажба на вишоци на електрична енергија и моќност.

1.2. **Аукција** е процес на позитивно наддавање во кој, купувачите, во јавна, транспарентна и недискриминаторна процедура имаат можност да ја подобрат односно зголемат цената од своето првично испратено Барање (Образец 3).

2. **Предмет на аукцијата:**

2.1. Највисока понудена единечна цена за 1 MWh од купувачите кои поднеле Барање согласно објавата.

3. **Право на доставување на Барање:**

3.1. Право на доставување на Барање има секој Економски Оператор кој има потпишано Договор за испорака и превземање на електрична енергија и моќност со АД ЕЛЕМ – Скопје.

4. **Право за учество на Аукцијата:**

4.1. Право на учество на Акцијата имаат само претставници на купувачите кои доставиле Барање за понудениот продукт.

4.2. На аукцијата можат да присуствуваат најмногу двајца претставници на купувачот, од кои само еден соОвластување (Образец бр.6) да ја подобрува - зголемува цената.

4.3. Периодот на важење на Овластувањето го определува Економскиот оператор во самото Овластување (Образец бр.6).

4.4. Доколку некој купувач нема овластен претставник на аукцијата, тогаш неговата првична понуда ќе се смета за конечна понуда и како таква ќе влезе во изборот на најповолна понуда.

5. **Повторливост на аукцијата:**

5.1. Аукцијата се спроведува за периодот за кој е понудена електрична енергија и моќност, наведена во Објавата за продажба. Аукцијата ќе се врши во повеќе наддавања, при што купувачите можат да ја зголемуваат цената неограничен број пати почитувајќи ги

долниот и горниот праг на аукцијата. Аукцијата се затвора во оној момент кога, Претседателот на Комисијата ќе ги изговори зборовите "ТРЕТПАТ" за продуктот кој е предмет на Аукција. После изговарањето на овие зборови не е дозволено натамошно зголемување на цената, односно аукцијата се смета за завршена.

**6. Минимална разлика во цени - долен праг на аукцијата:**

6.1. Минималната разлика во цени - долен праг на наддавањето изнесува: 0,10 евра за 1 MWh.

**7. Максимална разлика во цени - горен праг на аукцијата:**

7.1. Максимална разлика во цени - горен праг на наддавањето изнесува: 0,40евра за 1 MWh.

**8. Комисија за спроведување аукцијата:**

8.1. Аукцијата ја спроведува Комисијата за спроведување на Аукцијата составена од претставници на АД ЕЛЕМ - Скопје.

**9. Време на почеток на аукцијата:**

9.1. Времето и почетокот на Аукцијата ќе бидат наведени во Објавата, објавена на интернет страната на АД ЕЛЕМ - Скопје www.elem.com.mk.

**10. Време на завршување на аукцијата:**

10.1. Аукцијата за продуктот ќе заврши во оној момент кога, Претседателот на Комисијата ќе ги изговори зборовите "ТРЕТПАТ".

**11. Барана количина на електрична енергија и моќност и зголемување на цената:**

11.1. Бараната количина на електрична енергија и моќност во Барањето на купувачот е непроменлива во текот на процесот на аукцијата.

11.2. Зголемувањето на цената кое купувачот ќе го направи во тек на аукцијата ќе се однесува на целата количина на електрична енергија од неговото Барање.

**12. Доставување на Барање**

12.1. Заинтересираните купувачи доставуваат Барање за учество (Образец 3) до АД ЕЛЕМ - Скопје, согласно Календарот за продажба на електрична енергија и моќност за соодветниот период на факс бр. +389 2 3232 331. и/или на e-mail: elemprodazba@elem.com.mk, во наведениот период на Објавата, која се објавува на интернет страната на АД ЕЛЕМ – Скопје www.elem.com.mk.

12.2. **Барањето за учество содржи количина на електрична енергија и моќност и понудена цена.**

12.3. Во случај на добивање на повеќе од едно Барање од страна на купувачот, Барањето кое е примено последно од страна на АД ЕЛЕМ - Скопје, ќе се смета за важечко. Во однос на времето на прием на Барањето, како критериум ќе биде земено во предвид времето на пристигнување на Барањата добиени по електронски пат на адресата elemprodazba@elem.com.mk, додека времето на добивање на Барањето по факс ќе биде земено во предвид единствено доколку купувачот не успеал да достави Барање по електронски пат на наведената адреса.

12.4. Барањата добиени по истекот на рокот дефиниран во Објавата нема да бидат земени во предвид. Не е дозволено повлекување на доставените Барања.

**13. Евалуација на пристигнати Барања и Мериторна листа**

13.1. Пред евалуација на Барањата, АД ЕЛЕМ – Скопје ќе утврди дали секое од Барањата е во согласност со Правилата за Продажба, Упатството за продажба на електрична енергија и моќност за спроведување на Аукција со позитивно наддавање и инструкциите во Објавата и истите ќе бидат предмет на понатамошна евалуација.

13.2. Евалуацијата ќе се спроведе на следниот начин:
Барањата за продуктот ќе бидат подредени во Листа на мериторно подредување почнувајќи со највисоката цена и завршувајќи со најниската цена. Највисоката цена ќе биде објавена на Аукцијата.

14. **Спроведување на Аукцијата**

14.1. **Почеток и тек на аукцијата:**

14.1.1. Пред почетокот на аукцијата, Комисијата ќе ги провери овластувањата на претставниците на купувачите.

14.1.2. Аукцијата ќе започне веднаш по објавувањето на највисоката понудена цена од страна на Претседателот на Комисијата по што ќе ги повика овластените претставници на купувачите да ја зголемуваат оваа цена. Зголемувањето на цената може да се даде неограничен број пати почитувајќи ги дефинираните долен и горен праг на аукцијата.

14.1.3. Зголемувањето на цената се прави со јавно изговарање на новата зголемена цена до најмногу втора децимала.

14.1.4. Кога е видливо дека процесот на наддавање е во мирување Претседателот на комисијата започнува со одбројување изговарајќи „ПРВПАТ". Доколку нема зголемување на последната понудена цена и по изговорените збор „ПРВПАТ", Претседателот продолжува со одбројувањето со изговарање на зборот „ВТОРПАТ" и доколку нема зголемување на последната понудена цена и по изговарање на зборот „ВТОРПАТ" Претседателот продолжува со одбројувањето со изговарање на зборот „ТРЕТПАТ" и со тоа аукцијата завршува.

14.1.5. Доколку после првото одбројување („ПРВПАТ"), последната понудена цена се зголеми со ново наддавање, Претседателот на комисијата започнува да одбројува од почеток.

14.1.6. Доколку после второто одбројување („ВТОРПАТ"), последната понудена цена се зголеми со ново наддавање, Претседателот на комисијата започнува да одбројува од почеток со изговарање на зборовите: „ПРВПАТ".

14.1.7. Тајмингот за одбројување е минимум три минути. Максималниот тајминг го одредува Претседателот на комисијата во зависност од условите и текот на аукцијата.

14.1.8. За времетраење на аукцијата, членовите на Комисијата како и овластените претставници на купувачите не смеат да ја напуштат просторијата каде што се одржува аукцијата.

14.1.9. За спроведената аукција ќе се направи Записник од Аукција од страна на Комисијата и Извештај со цените во текот на Аукцијата. По завршување на Аукцијата сите присутни купувачи треба да се потпишат на Извештајот со цените и до сите купувачи ќе биде доставен примерок од Извештајот по електронски пат.

Примерок од Извештајот ќе биде доставен и до купувачите кои немаат овластен претставник на Аукцијата.

**15. Избор на најповолна понуда :**

Изборот на најповолна понуда ќе се направи според највисоката цена како следи:

15.1. На купувачот кој дал највисока цена за продуктот на Аукцијата, ќе му се додели целокупната количина која тој ја побарал.

15.2. Доколку побараната количина на електрична енергија и моќност од купувачот кој понудил највисока цена на Аукцијата е помала од понудените количини во Објавата, тогаш:

15.2.1. Преостанатите количини на електрична енергија и моќност од Објавата ќе се доделат на втората највисока цена постигната на Аукцијата.

15.2.2. Доколку бараната количина на електрична енергија и моќност од втората највисока цена на Аукцијата е помала од преостанатиот дел (понудените количини од Објавата, намалени за количините од првата највисока цена на Аукцијата), преостанатите количини ќе се доделат на третата највисока цена на Аукцијата.

15.2.3. Правилото од претходната точка ќе се повторува додека не се додели целата понудена количина.

15.3. Доколку количините на електрична енергија и моќност од последното избрано Барање се поголеми од преостанатиот непотполн дел од 0бјавената количина за продажба, Економскиот Оператор се обврзува да ги купи преостанатите количини од објавата.

15.4. Доколку на Аукцијата нема никакво зголемување на највисоката цена добиена по пристигнатите Барања, може да се доделат целокупните количини, или дел од понудените количини на електрична енергија и моќност согласно мериторната листа направена врз основа на пристигнатите Барања на купувачите.

АД ЕЛЕМ – Скопје го задржува правото да го прифати целосно или делумно Барањето на купувачите, како и право да го отфрли Барањето.

АД ЕЛЕМ – Скопје има право да не изврши продажба на електрична енергија и моќност и по фазата на аукција без да даде образложение за тоа. Во случај на откажување, АД ЕЛЕМ – Скопје не е одговорен кон купувачите за било каква загуба, трошоци или штети (вклучително и без исклучок сите последични и/или индиректни штети, изгубена добивка, гудвил, деловни можности, антиципирани заштеди, трошоци за изработка на понуда, учество во процесот за доставување и евалуација на понуди).

**АД ЕЛЕМ Скопје**